Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр 05/02) и член 6 став 4, член 16 став 4 и член 22 став 3 од Законот за даноците на имот (Сл. весник на РМ бр. 61/04) и член 20 од Статутот на Општина Илинден (Сл. гласник на Општина Илинден бр. 02/05), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 21.07.2005 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за утврдување на стапките на даноците на имот во Општина Илинден

### Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на стапките за пресметување на данокот на имот, данокот на наследство и подарок и данокот на промет на недвижности како изворен приход на Општина Илинден во рамките утврдени со Законот за даноците на имот.

### Член 2

Висината на стапката на данокот на имот која се плаќа на недвижен имот на подрачјето на Општина Илинден, е пропорционална и изнесува **0,10%**.

Висината на стапката на данокот на имот за земјоделско земјиште на подрачјето на Општина Илинден кое не се користи за земјоделско производство, е пропорционална и изнесува **0,50%**.

### Член 3

Стапките за пресметување на данокот на наследство и подарок на подрачјето на Општина Илинден се пропорционални и различни во зависност од наследниот ред.

Данокот на наследство и подарок за обврзник од втор наследен ред се пресметува по стапка од **2,5%**.

Данокот на наследство и подарок за обврзник од трет наследен ред или обврзник кој не е во сродство со оставителот се пресметува по стапка од **4,5%**.

### Член 4

Висината на стапката за пресметување на данокот на промет на недвижности на подрачјето на Општина Илинден е пропорционалана и изнесува **3%**.

### Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службениот гласник на Општина Илинден.

Бр. 07- 348/2
Од 21.07.2005г

Претседател на Совет
на Општина Илинден
Стевче Аврамовски

Совет на Општина Илинден
Република
Македонија